**20150612178**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 април 2015 година.

Бр. 08-1741/1
16 април 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

Член 1

Во Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14 и 33/15), во член 64 ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Временото унапредување е времено поставување на службеникот на повисоко рангирана позиција на одреден период. Царинскиот службеник се враќа на своето постојано работно место или друго соодветно работно место по истекот на определениот период. Царинскиот службеник може да биде времено унапреден на работно место кое одговара на неговото професионално искуство, знаење и квалификации и доколку ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работни места во Царинската управа и овој закон."

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) По исклучок од ставот (3) од овој член, царинскиот службеник може да биде времено унапреден најмногу еднаш во период од две години, за периодот на времено унапредување до шест месеци, без да ги исполнува условите за познавање на странски јазик и активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење."

Член 2

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ број 43/14), во членот 28 став (1) зборовите: „во рок од две години од денот на започнувањето со примената на овој закон“ се заменуваат со

зборовите: „на кое бил распореден на денот на започнувањето со примената на овој закон, во рок од една година од денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.